РАДИО БУБА МАРА

• 105.2 FM •





## ПАЗАР

Бубамара лета на 105,2 ФМ од 1994 година. Формирано пред 24 години, Радио Бубамара е една од првите општоприфатени музички радиостаници во Република Македонија со препознатлив имиџ и традиција, негувана во духот на симболиката на нејзиното име.
Како и вистинската бубамара, на која ѝ се радуваш кога ќе ти долета в рака, секогаш со песна и насмевка пречекувана кај луѓето, така и Радио бубамара долетува во секој автомобил, дом, канцеларија и останува долго со распеаните и расположени домаќини.
Меѓу 24 регионални радиостаници на територијата на Скопје, Бубамара, според официјалните истражувања, во изминатите 23 години е водечко и омилено радио на скопјани. 52 отсто испитаници во испитувањето на M-vision од 2013 година, на прашањето кое регионално радио го слушавте изминатата недела, одговориле Бубамара, наспроти второпласираното со 27 отсто.
Слушателите на радиото се духовити, имаат чувство за добра музика и се на просечна возраст од 24 до 55 години. Во просек, секој од нив има по 1.900 евра кредитен или доверителски долг спрема светски финансиски институции во кои се колективно задолжени како граѓани на Македонија. Некои од нив имаат и лични кредити, други имаат повеќе или помалку пари, ама Радио Бубамара ја слушаат со мерак и „за сите пари“.

## ДОСТИГНУВАЊА

Радио Бубамара има 100 % наплата на своите побарувања, поради што ѝ завидуваат големи финансиски институции, мали и средни компании. Меѓу регионалните радиостаници, Бубамара има остварено најголем промет од радиоогласување на деловни компании од 2015 година.
Радиото од 1994 до денес ги има истите вработени, кои стартуваа како пионери во радиобизнисот, а сега се сениори. Веселата сениорска екипа, која има вкупно работно искуство подолго од 100 години, има и подмладок, кој ги подучува сениорите за Ај-Ти технологија, во замена за неколку ударнички пароли од времето на работната акција Брчко – Бановиќи.

## ИСТОРИЈАТ

Радио Бубамара уште пред да почне со работа во 1994 година - стана една од најслушаните радиофреквенции во Скопје. Првата тајна на успехот ја знаат само одбраните сопственици на радиоприемници, кои уште од 1993 година, осум месеци пред да почне официјалното емитување на програмата, ја слушаа само фреквенцијата 105,2 ФМ.
Втората тајна ја знае Управниот одбор на Радио Бубамара, кој ангажираше цела армија лобисти, инспектори, пајак-служби и други слободоумни фактори да ги притиснат граѓаните до трето колено на своите радија, дома и во автомобилите, да ја меморираат само фреквенцијата 105,2 ФМ.
Граѓаните со мал отпор го прифаќаа овој притисок, кој, за разлика од другите секојдневни (политички, економски и крвни) притисоци, го сметаа за задоволство. Ретките исклучоци што не се согласуваа да слушаат Бубамара, експресно и во голем број беа испраќани на „доброволна“ работа или студирање во странство, од каде што беа принудени преку интернет да слушаат Бубамара, со цел да ја формираат и да ја одржуваат таргет-групата на Радио Бубамара од 400.000 интернет-слушатели.
На најдобрите и најлојалните слушатели како награда им беше доделувана партиска книшка со по некој фиктивен кредит, министерска позиција, градежна маркица во зелен појас или мрсна јавна набавка со наместен тендер.
Од Бубамара признаваат: „Ги користевме сите општоприфатени, секојдневни животни практики“.
Лојалноста на публиката кон Радио Бубамара веќе 21 година, радиотимот секоја година ја проверува со заедничко собирање на 7.000 слушатели во спортско/концертна сала на настанот „Златна Бубамара на популарноста“, каде што граѓаните се принудени да се смеат, да аплаудираат, да се радуваат и да пеат, додека другите 2.000.000 граѓани самоиницијативно и доброволно си одредуваат мерка домашен притвор од 4 часа, која ја отслужуваат во кругот на семејството и пријателите во заедничко набљудување на ТВ-снимката од „Златна Бубамара на популарноста“.
Со тоа секоја година се потврдува







неприкосновениот ТВ-рејтинг на „Златната Бубамара“ како најгледано - радио на телевизија.
Тв рејтинг според Nlb Nilsen 25 .fevruari 2018 455.290 гледачи АВГ,
Тв рејтинг февруари 2012 Nlb Nilsen 55% shp .

*Телевизиското шоу „Златна Бубамара на популарноста“ се одвиваше под слоганот „Да се собереме пред да нè соберат“. Досега биле собрани само повеќеминутни аплаузи и овации, зашто настанот е „одобрен од власта, прифатен од опозицијата и за мерак на народот“*

## ПРОИЗВОД

Радио Бубамара создаде публика, со која негува релација не само на радио-слушателство, туку и на долгогодишно пријателство. Програмата на Бубамара е дел од секојдневниот дневен ритуал на скопјани. Затоа многу често заедно си ја пееме нашата „Јас и ти сме браќа стари, ваква љубов чини пари“.

**РАДИО БУБАМАРА ВЕ БАКНУВА СО ПЕСНА** е еден од распеаните џинглови, кој во текот на денот повеќе пати се слуша од секоја продавница, супермаркет, ресторан, дом или автомобил – од песна во песна, Бубамара ги зајакнува љубовните врски, ги подобрува колегијалните односи – а кога песната ве бакнува - љубовта доаѓа до вас заедно со среќата што ве следи, до првата спортска обложувачница.

**НАЈУБАВА МУЗИКА ЗА СЕКОЈ ОД НАС**

Освен со огласувачите, Бубамара има одлични релации и со домашната и регионалната музичка сцена, зашто е единственото радио што доследно ја следи и ја афирмира нивната музика. Добрата соработка се манифестира и преку заедничката изработка од преку 180 различни џинглови за посебни намени, создадени и отпеани специјално за Радио бубамара од нашите бубамарковци, а воедно и најголеми музички и актерски ѕвезди.
Со нашите слушатели секогаш си викаме „СЕ СЛУШАМЕ УТРЕ“!

## РАЗВОЈ

- Радиото редовно дава плата, плаќа на ЗАМП, дели дивиденда и никој од тимот не учествувал во ниту една даночна пирамида или финансиска ерозија на државниот буџет.
- По 24 години, во 2018 година, Радио бубамара се пресели во сопствени деловни простории, многу поголеми, повисоки и поопремени од тие што дотогаш ги користеше. Во моментов е најдобро опремено радиостудио во Македонија.

**РЕЗУЛТАТИ 1**

Во Радио Бубамара работат 10 луѓе или двојно повеќе од оние што им се радуваат на резултатите од чистотијата на воздухот во Скопје.
Нивната работа, уште од основањето на радиото, обезбедува чист медиумски и животен простор, потсетувајќи постојано на потребата од поздрава и почиста животна средина, во секоја можна смисла.

**ЧИСТ ВОЗДУХ ВО ЕТЕРОТ** е еден од нашите слогани кои како ветре развигорче дуваат во нашиот мрачен, контаминиран, медиумски и животен простор - потсетувајќи ги слушателите за потребата за поздрава животна средина и добра музика на 105,2 O2
Радиото и преку други акции и иницијативи настојува да внесе позитивни промени со неколку неуспешни и делумно успешни еколошки акции.

- 2015 -Еколошка акција „За чисто и зелено Водно“- ги чистиме планинарските патеки„ Музичките ѕвезди свиреа на планинарските патеки во улога на „Бубамара шумски свирачи“
- 2015 – Стоп за сечење на шумите!
- 2012 - „WC со 5 ѕвезди“ за подобрување на катастрофалните услови во тоалетите во градинките, основните и средните училишта низ Македонија.

**РЕЗУЛТАТИ 2**

- Со нашиот модел поставен за еко акцијата **„Чисти раце, чисти училишта, чиста околина“**, спроведена во скопските училишта, 40.000 семејства и ученици беа стимулирани и едуцирани да селектираат пластика, при што за една училишна година се собрани околу 75 тони пластика подготвена за рециклирање. За возврат, во секое училиште вклучено во акцијата беа поставени апарати и течен сапун до секоја чешма.
- До сега сите заедно успеавме да спасиме 250 тони пластични шишиња да не завршат во природата.
- Крушево етноград - Во 2007 година Бубамара почна туристичко востание во Крушево и создавање на посакувана туристичка дестинација.
- По реализација на проектот „Крушево – етноград“ градот сега бележи 18.000 ноќевања и цела низа инвестиции во хотели и приватни сместувачки капацитети наспроти само 150 ноќевања во 2007.



## ВРЕДНОСТ на БРЕНДОТ

Бубамара е симбол на среќа, поврзана со убави моменти: слушање добра музика, безброј насмевки, аплаузи, достоинство и радост .
Име кое потикнува успех, добрина и заедништво при еколошки и музичко - културни настани .
Радио Бубамара е во долгогодишна пријателска радио врска со многубројните слушатели, со кои другарува повеќе од 24 години и заедно имаат поминато незаборавни мигови на кои се сеќаваат со задоволство и радост.
Со својата светла 24 годишна традиција и успешна опшествена јавна работа на медиумската и културна сцена, Бубамара е почитувана кај деловните партнери и другарски подржана од музичките ѕвезди и граѓаните кои ја чувствуваат како релаксација, слободен простор и добронамерен сатиричен херој.



**ДАЛИ СТЕ ЗНАЕЛЕ ДЕКА...**

- Билетите за шоуто „Златна бубамара на популарноста“ во онлајн-продажба се продаваат за само 12 минути, а на билетарница за само 1 час.
- Диџеите на Радио бубамара имаат по 130 кила и никогаш не кажале - немe леб да јадеме.
- Тоше Проески ја доби првата награда за најперспективен пејач на втората Златна бубамара, а другото е историја...
- Целата екипа на Радио бубамара доаѓа со точак на работа, за да не слуша радио Бубамара - во кола, автобус, метро, трамвај...
- Логото на Радио бубамара во 1994 година го нацрта стрип-цртачот Ласко Џуровски. Бидејќи на радиото добро му тргна, во 2017 година Џуровски го нацрта и решението за банкнотата од 2.000 денари на Народната банка на Македонија (на неа не и оди толку добро - ретко може да се види во вашиот паричник, особено ако користите платежна картичка).
- Радиото кое на шега во 1994 година, ја започна програмата со зборовите: „Дами, господа и останати 97 проценти од населението...“- денес станаа наша реалност.